**ДО**

**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**

**У Г О Т У Р АД СКОПЈЕ**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО ВО ДЕЛОВНАТА 2020 Г.

ПОДНЕСЕН ОД НЕИЗВРШНИТЕ ЧЛЕНОВИ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ НА ДРУШТВОТО ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД КОНТРОЛАТА НАД УПРАВУВАЊЕТО СО ДРУШТВОТО

Друштвото Уготур АД Скопје го има согласно ЗТД и Статутот применето едностепениот законски модел на управување преку формирање на Одбор на директори.

Во текот на 2020г. Одборот на директори на Друштвото ги вршеше своите активности во согласност со надлежностите утврдени со законските прописи и со Статутот на Друштвото. Врз основа на законски зададените овластувања неизвршните членови на Одборот на директори на Друштвото вршеше надзор над водењето на работењето и управувањето во Друштвото од страна на извршниот член и тоа на 9 редовни седници на кои беа донесени 31 одлука.

Во 2020г. фокусот на неизвршните членови во извршувањето на законски зададените овластувања беше пред се во интерес на Друштвото како и во интерес на сите акционери.

Почитувајќи ја одредбата од чл.480 (3) од Законот за трговски друштва, неизвршните членови го составија предметниов Извештај за резултатите од контролата над управувањето со Друштвото, како и резултатите од извршената ревизија спроведена од страна на овластениот ревизор за годишната сметка и за финансиските извештаи за 2020г. со предлог кој го упатува на седница на Годишното собрание на усвојување.

## СТРУКТУРА НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ

Одборот на директори на Друштвото формиран со Стаутот брои 4 члена.

Согласно на законот Одборот има еден независен неизвршен член во својот состав.

-Александар Илијевски од Скопје во својство на Претседател на Одборот на директори именуван со одлука бр.207 од 26.12.2016г. со мандат до 26.12.2022г. учествуваше на вкупно 9 седници во деловната 2020г.

-Оливер Стојчевиќ од Скопје во својство на Извршен член на Одборот на директори именуван со одлука бр.168-II-9 од 27.05.2020г. со мандат до 26.12.2022г. учествуваше на вкупно 4 седници во деловната 2020г.

-Душко Ангелов од Скопје во својство на неизвршен член на Одборот на директори именуван со одлука бр.168-II-9 од 27.05.2020г. со мандат до 26.12.2022г. учествуваше на вкупно 3 седници во деловната 2020г.

-Марина Симоноски од Скопје во својство на независен неизвршен член во Одборот на директори именувана со одлука бр.207 од 26.12.2016г. со мандат до 26.12.2022г. учествуваше на вкупно 9 седници во деловната 2020г.

Неизвршните членовите на Одборот на директори имаат постојан пристап до информации во врска со финансиските и економските активности на Друштвото преку писмените документи изготвени од Службата за внатрешна ревизија, овластениот ревизор како и Извршниот директор.

Ваквото постојано информирање овозможува ефективно донесување на одлуки на седниците на Одборот на директори.

## НАЧИНОТ НА РАБОТА НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ

Согласно на одредбите од Статутот на Друштвото како и врз основа на законските одредби, Одборот работеше на седници. Идентификувајќи ги како приоритетни Одборот редовно ги анализираше клучните извештаи за работа при што носеше и соодветни одлуки и заклучоци. Одборот редовно се состануваше врз основа на претходно утврден дневен ред за секоја седница, со известувања упатени до неизвршните членови и со доставување на материјалите и документите во разумни рокови. Претседателот имаше проактивна и координативна улога свикувајќи ги седниците врз основа на чл.369 (3)од Законот за трговски друштва, за периодот кога е избран.Тој ја обавуваше својата функција применувајќи го своето

долгогодишно искуство и стекнато знаење во корпоративното управување во успешна компанија, при што поттикнуваше на активна и отворена дискусија на седниците се со цел донесување на одлуки во интерес на друштвото и акционерите.

## ДОЛЖНОСТ И ОДГОВОРНОСТ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ

Постапувајќи во согласност со законските обврски истакнуваме мислење дека членовите на Одборот ја разбираат својата должност и согласно на тоа се однесуваа совесно, во најдобар интерес на Друштвото и неговите акционери, носејќи одлуки во деловната 2020г. за целокупната деловна активност. Истовремено следејќи ги новите деловно-корпоративни новитети и прописи и нивно транспонирање во документите на друштвото. Дополнително со посебно внимание го следеа работењето на извршниот директор и администрацијата во друштвото.

## КОНТРОЛА НА УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ

Неизвршните членови на Одборот согласно на своите надлежности, континуирано го следеа финансиското работење на друштвото преку:

-Редовно разгледување на извештаите за работењето на друштвото поднесени од страна на Извршниот директор,
-Одобрување на годишната сметка, финансиските извештаи и Годишниот извештај за работењето на Друштвото,
-Разгледување на Извештајот за извршената ревизија од страна на овластениот ревизор,
-Донесување и потврдување на одлуки, кои согласно Законот за трговски друштва и Статутот на друштвото се во надлежност на Одборот на директори.
-Донесување одлука за усвојување годишен план од Службата за внатрешна ревизија за деловната 2020 г.
-Преку Службата за внатрешна ревизија на квартално ниво се разгледуваа извештаите за спроведена внатрешна контрола на одделенијата во друштвото.
-Го усвои Годишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија за периодот 01.01.-31.12.2020 г.

Врз основа на сите спроведени контроли неизвршните членови на Одборот на директори извршија оценка на нивната ефикасност заклучно со 31.12.2020г. и заклучија дека таквите контроли се ефективни и ефикасни и согласно законската регулатива.

РЕЗУЛТАТИ ОД РЕВИЗИИТЕ ИЗВРШЕНИ ОД РЕВИЗОРИТЕ НА ГОДИШНАТА СМЕТКА И ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

Имајќи ги во предвид обврските кои произлегуваат од ЗТД, извршена е ревизија над финансиското работење за 2020 година од страна на ревизорската куќа ПЕЦЕВ РЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје. Одборот на директори ги разгледа Финансиските извештаи со белешките како и мислењето од независниот ревизор. Според тоа мислење финансиските извештаи објективно ја презентираат од сите материјални аспекти, финансиската состојба на друштвото, заклучно со 31.12.2020 година како и неговата финансиска успешност и неговите парични текови за 2020 година во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување што се прифатени во Република Северна Македонија.

Ревизорот констатира дека годишниот извештај за работата на друштвото е конзистентен со годишната сметка и финансиските извештаи за 2020 година.

Во текот на 2020 година работењето на неизвршните членови на Одборот на директори беше во рамките на законски утвдените надлежности за остварување на позитивни финансиски резултати, давање на насоки и мерки за успешно работење, што во крајна линија е во интерес на акционерите и вработените во Друштвото.

Скопје, 2021 година

Одбор на директори:

1. Александар Илијевски-Претседател

2. Оливер Стојчевиќ-Извршен член

3. Душко Ангелов-Неизвршен член

4. Марина Симоноски-Независен член